**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 17.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 4300/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Вид надзор: редовен**

**2. Субјекти на надзорот:**

1. Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
2. Услужно трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар;
3. Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 16 и 17 октомври 2024 година.

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според која „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис“.

**5. Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги <u>е во целост исполнета кај трите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи опфатени со надзорот.</u>

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**